Врз основа на член 10 и 45 став 1 од Законот за Административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 14/20, 215/21 и 99/22), Предлогот за вработување на кандидати по јавен оглас бр. 70/2024 со бр. 10-220/10 од 13.02.2024 година, в.д. директорот на НУ Спомен куќа на Мајка Тереза - Скопје донесе

Република Северна Македонија / Republika e Maqedonisë së Veriut
НУ СПОМЕН КУЌА НА МАЈКА ТЕРЕЗА
IN SHTËPIA PËRKUJTIMORE E NËNËS TEREZË
Бр. / Nr. 02-177/3
01.07. 2024 год. / viti.
СКОПЈЕ / SHKUP

## Одлука

## За избор на кандидат за вработување на административен службеник

## по јавен оглас бр. 70/2024

1. За работното место КУЛ 01 02 Б03 009 Соработник за односи со јавност и маркетинг (1 Извршител) се избира кандидатот со идентификациски код 3746693, Хава Бајрами, Македонец (ка).
2. Именуваната ќе биде вработена на работното место од точката 1 по конечноста на оваа Одлука, за што ќе се донесе посебно Решение за вработување.
3. Оваа Одлука влегува во сила на денот на објавување на интернет страницата и на огласната табла на Агенцијата за администрација.

Образложение

Врз основа на барањето за објавување на јавен оглас бр. 03-1079/1 од 29.12.2023 година, дополнувањето на барањето со бр. 03-29/2 од 09.01.2024, Агенцијата за администрација на 11.01.2024 објави јавен оглас бр. 70/2024 за вработување на Соработник за односи со јавност и маркетинг, Административна служба, (1 извршител), според Правилникот за работни места во НУ Спомен куќа на Мајка Тереза - Скопје бр. 01-675/1 од 17.08.2020, во дневните весници „Нова Македонија“, „Слободен печат“ и „Коха“ и на интернет страницата на Агенцијата за администрација на РСМ.

По спроведување на сите фази од селекцијата за вработување, Агенцијата за администрација достави Конечна ранг-листа за кандидати од сите фази на селекцијата за вработување и Предлог за вработување на кандидатот со најголем број освоени бодови со арх. бр. на Агенцијата за администрација 10-220/10 од 13.02.2024 и арх. бр. на НУ спомен куќа на Мајка Тереза - Скопје 03-177/1 од 20.02.2024.

Врз основа на предлогот за вработување на кандидатот, в.д. директорот на НУ Спомен куќа на Мајка Тереза - Скопје, одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Правна поука**: Согласно член 45 став 3 од Законот за Административни службеници, незадоволниот кандидат има право на жалба во рок од 8 дена, од денот на објавување на Одлуката на веб страната на Агенцијата за администрација и на огласната табла на Агенцијата за администрација на РСМ.
Жалбата се поднесува до Агенцијата за администрација на РСМ.

Доставено до:
Архива
Агенција за администрација
Избраниот кандидат

НУ Спомен куќа на Мајка Тереза - Скопје

В.д. директор

______________________________

Соња Кузмановска